ПОЛЕМИКА

# ДЛУМ и четириесетте „понижени"!

Коле МАНЕВ



*Ќе биде поблизу до вистината ако кажам дека ништо не знае, но тоа не го велам да не ми се замери дека и овојпат се употребува старозаветна секира со која ќе се пресече ниското стебло на кое цути ликовното незнаење на писателот Ефтим Клетников*

Во некои други времиња ќе се речеше, се истури многу мастило околу случувањата во ДЛУМ врзани за одлуката на управните тела при ДЛУМ, да им го прекине понатамошното членување на 40 поранешни членови! Поетот Ефтим Клетников, минатата сабота нè потсети на хиндуската мудрост и на некои други источни религиозни учења, кои: "... нè учат дека не сме дојдени на овој свет некому да му нанесеме болка и навреда, туку да го развиваме чувството за љубов и милосрдие". Кој не би се восхитил на ваквата древна хиндуска мудрост!? Умните луѓе знаат, секогаш кога со убавите мисли се жонглира, кога тие во форма на морални бисери се применуваат во погрешен контекст или се злоупотребуваат за нејасни цели, се добива спротивен ефект и тој што произволно ги карикира, се става себеси многу далеку од филозофската порака на древните учења. Кога Клетников веќе се решил да трага по мудрости, со чија помош се надевал дека ќе ги објасни и осветли состојбите во ДЛУМ, не мораше духовно да талка дури до далечниот исток. Такви и сродни по мисловен квалитет на хиндуската мудрост можеше да најде и кај нас во нашите умотворби, кои ги применувал нашиот народ со векови наназад, а една од нив која ја забележал бистриот Цепенков гласи вака: "Си имал еден овчар еден пес толку јунак, што на дваесет волци му идел по ако. Си отишол една вечер овчарот дома на промена. Дури се променил, дури вечерал, баеѓи се забаил, тукуречи до полноќ си отишол кај овците. Во тоа време дошле волците и се борил песо јуначки, та и издавил сите волци, арно ама дури се борил песо со еден волк, волците на друга страна удаиле четрнаесет овци (толку бројат членовите од управните тела на ДЛУМ). Кога го виде овчаро песо сиот раскрваен, се почуди и коа приближил кај овците и и видел удаените овци, косата му се кренала, земал дрво, та си го отепал песо. На за тебе, прокелтнику еден, јас да те остаам да и вардиш овците од волци, а пак ти си се сторил волк и си ми удаил четириесет овци! (толку бројат исклучените членови од ДЛУМ). "Квиу" сторил песо и си паднал на местото, како скапана круша. Завртувајќи овчаро овците, кога гледа полно волци, удаени и распарталавени. Тогај се сетил овчаро оти волците и удаиле овците и песо бранејќи овците, и удаил волците. - Ах, анас'н, што грешка сторив јас! Да си го отепам песо за права Бога! Земал овчаро дрвото си удрил три удари по глава, од жал што му падна песо!"

Ова народнава, Цепенкова мудрост е многу подолга од хиндуската што ни ја посочи поетот Ефтим Клетников. Но исто така ова нашава е многу поизворна со многу сликовити ликовни елементи и си има своја филозофска тежина, затоа што навлегува во сржта на многу наши "културни", "морални" доблести и објективни околности. Тоа што вшашува во написот на писателот Ефтим Клетников е неговиот обид да ни одржи лекција од ликовна историја, воспитание и естетика, материја за која тој, судејќи од искажаните размислувања во неговото "ликовно" естетско пледоаје врзано за одлуката на ДЛУМ, се гледа дека многу малку знае! Ќе биде поблизу до вистината ако кажам дека ништо не знае, но тоа не го велам да не ми се замери дека и овојпат се употребува старозаветна секира со која ќе се пресечи ниското стебло на кое цути ликовното незнаење на писателот Ефтим Клетников. Главниот дефект во неговото ликовно размислување е зашеметувањето на историската развојна ликовна дејност и мисла, па така еднаш навраќа во Алтемира и ни посочува дека тие величествени уметници немале соодветно ликовно образование, за да ги повика потоа Ван Гог, Сезан и Гоген да посведочат дека и тие немале соодветно ликовно образование. И веројатно поетот Клетников сака да постави прашање пред јавноста и до управните тела на ДЛУМ, што ќе се случи ако се најдат тие од Алтермира заедно со Ван Гог, Сезан и Гоген пред вратите на нашата асоцијација и ако посакаат да бидат идни членови во ДЛУМ!? Дали ние од управните тела ќе ги примиме во асоцијацијата, или и нив ќе ги сместиме во редот на четириесетте, според неговата терминологија, навредени и понижени!? Ако му се каже на писателот Ефтим Клетников дека и Леонардо да Винчи немал соодветно ликовно образование, тој сигурно нема да поверува! Ако му речам на пријателот Клетников дека и Фидијас, Микеланџело, Рафаел, Караваџо или Џото ди Бондоне, немале соодветно ликовно образование, исто така нема да верува, можеби ќе помисли дека си играм мајтап со него! А сето тоа е историска вистина, како што е вистина дека најголемиот дел од ликовните творци што ја граделе светската ликовна култура немале соодветно ликовно образование, какво само Ефтим Клетников го замислува. Немале, од проста причина што институциите, академиите за ликовно образование датираат од поново време! Со векови ликовниот занает се учел во ателјеата на постарите мајстори! Така, Караваџо учел во ателјето на Петерзано, познатиот Питер Бројгел сликарскиот занает го учел во сликарската Гилда што во тоа време постоеше во градот Анвер. Жероним Бош учеше од својот дедо, сликарот Јан Ван Акен, Доменик Енгр од 1791 до 1797 ја посетуваше Ликовната школа во Тулуз, за да се префрли потоа во ателјето на Луј Давид. За Јоханез Вермер се смета дека бил самоук! Кога се фрлате во водите на една проблематика, а не знаете да пливате, во таков случај не може да ви помогне ниту Ниче или Фром, уште помалку теоријата на Плеханов.

За управните тела на ДЛУМ образованието не беше единствениот критериум од кој произлезе одлуката за отстранување на четириесетте "маченици", туку биле земени предвид и некои други компоненти, како на пример квалитетот или колку некој го знае ликовниот занает, а каде и како го научил е индивидуална работа! Во ликовната историја постојат случаи кога вредни автори биле одбивани или отстранувани од разни ликовни манифестации. Познат е случајот со Салонот на независните, кога во 1884 од тогаш познатиот Официјален салон, кој се одржуваше во Париз, беа одбиени, исклучени Едуард Мане, Сисле, Писаро, Сезан, Домие, Реноар, Моне и многу други сега познати имиња од ликовната сфера. Овие споменати ликовни творци, како реакција и гнев за неправдата што им беше нанесена, се собраа и направија своја изложба под ведро небо во паркот Тулери. Својата изложба ја нарекоа Салон на независните, ликовна манифестација што се одржува секоја година и до денешни дни! Кога сме кај независните, поетот Клетников ни посочува и ние да направиме како што направија некои писатели, меѓу кои е и тој, да се одвоиме од асоцијацијата и да се прокламираме за "независни"! Таква потреба немаме. Како ќе се организираме ние од ДЛУМ сега и во иднина, тоа е наша работа. Но, случајот со независните од Париз ни дава можност да се вратиме на нашава тема!

Пред три недели, на страниците од овој весник колегата Владимир Георгиевски укажа на една добра идеја. Зошто не направат четириесетте понижени и навредени, како што ги замислува и третира поетот Клетников, една нивна изложба по примерот на независните од Париз. Не под ведро небо, туку во еден од изложбените салони во нашиот град! Нека ги изложат своите дела на увид на јавноста, пред колегите, пред ликовната критика. А мој предлог е изложбите да ги промовира и да ги отвори поетот Ефтим Клетников! Ако го пронајде Клетников во тие изложби македонскиот Ван Гог, Сезан или Гоген, нека му препорача на овчарот од народната приказна и понатаму со "мудри" зборови да го тепа својот верен пес. Ако не го најде по некоја случајност Сезан, Ван Гог, Гоген или величествениот уметник од Алтемира во делата на четириесетте навредени и понижени, во тој случај пријателски ќе го замолам поетот Ефтим Клетников повторно да го прочита величествениот Цепенков, том 5, страница 8, каде што народниот мудрец многу добро забележува колкупати се удира со дрвото по главата непромислениот овчар...!